РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ

| Примено: 18. 05. 2012 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 1871/1 | | |

Архивски знак: 0306
Рок на чување: трајно
18.05.2012 потпис

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) и член 30 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија” бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11 и 51/11), министерот за образование и наука ја утврди Наставната програма по **ликовно образование** за V одделение на деветгодишното основно образование за учениците со мултихендикеп.

**АДАПТИРАНА НАСТАВНА ПРОГРАМА ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО МУЛТИХЕНДИКЕП**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

# ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

**V ОДДЕЛЕНИЕ**

**ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

**Скопје, 2012**

# 1. ЦЕЛИ НА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД ОД IV ДО VI ОДДЕЛЕНИЕ

**Ученикот/ученичката:**

- да се поттинува да ги развива способностите за непосредно набљудување и воочување на особеностите на формите, линиите, боите, пропорциите, заемниот однос на деловите (конструктивни компоненти), на предметите и другите визуелни појави во природата;
- да се поттикнува да ги развива способностите за компонирање на ликовните елементи;
- да се оспособува да ги применува искуствата и сознанијата;
- да се поттикнува да ја развива свеста за примената на естетиката во уредувањето на просторот за живеење, и работа;
- да се поттикнува да ја проширува ликовната писменост и да ги развива креативните способности;
- да се поттикнува да го развива визуелното мислење преку практична и теоретска работа;
- да се воведува во системот на визуелни знаци присутни во општествениот живот (сообраќајни знаци, амблем и сл.);
- да се оспособува за ликовна работа во природа, по фантазија, тематска работа;
- да развива осет за боја, линија, форма, форма во простор, единство во композицијата;
- да формира навики за индивидуален творечки однос во рамките на ликовната работа и други активности во животот;
- да ги развива способностите за истражување и флексибилна примена на нови ликовни материјали и постапки за работа и стекнување технолошки искуства;
- да се поттикнува да формира работни навики и способност за организација на работниот процес: планирање, проектирање, творештво и валоризација на резултатите;
- да го развива интересот кон ликовното творештво и да се оспособува ликовните и естетските искуства да ги применува во учењето, социјалниот живот и работата;
- да се поттикнува да се грижи за природата и уредувањето на непосредната околина;
- да се запознае со ликовни дела од познати мајстори и со компонентите на ликовните дела и да изградува ликовен критериум;
- да ги поврзува ликовните сознанија и активности со содржините на другите наставни програми;
- да се поттикнува да се грижи за културното наследство на Република Македонија;
- да се оспособува за истражување, комбинирање и креирање со компјутер.

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО V ОДДЕЛЕНИЕ

**Ученикот/ученичката:**

- да се поттикнува да ја развива способноста за проценка и релации во просторот (надворешен, внатрешен, природен, функционален);
- да се поттикнува да ја развива визуелната способност;
- да се запознава со нови ликовни техники и да комбинира ликовни техники;
- да се поттикнува да запознава и да користи нови поими и термини од ликовната уметност;
- да се поттикнува да искажува љубопитност и интерес за ликовна работа и творење;
- да се поттикнува да користи разни ликовни материјали и да ги усовршува техниките за цртање, сликање, обликување во просторот, моделирање и градење, графика, визуелни комуникации и дизајн во ликовното изразување;
- да се поттикнува да се запознае и да ги разликува основните ликовни материјали, постапки за работа и правилна употреба на помагалата и алатот во ликовно-творечката работа;
- да се поттикнува да го открива и користи ликовниот јазик, ликовните елементи: линија, боја, форма, текстура, плоштина, простор и друго и нивната употреба во ликовното творештво;
- да ја осознава функцијата на бојата во секојдневниот живот;
- да се поттикнува да ги запознае и објаснува основните поими и ликовните термини;
- да се поттикнува да направи избор на идеја, активност и соодветни средства и да состави ликовна творба;
- да се поттикнува да ги користи елементите од народниот фолклор во дизајнирање на предмети;
- да се поттикнува да твори самостојно, тандемски, групно и колективно;
- да се поттикнува на сопствена естетска проценка и способност за набљудување;
- да се оспособува да прави разлика на уметнички дела од различни ликовни подрачја (цртеж, слика, скулптура, графика, архитектура);
- да се поттикнува да ги користи креативно сите искуства и творечки потенцијали;
- да се поттикнува да ги искажува критично мислењето, емоциите и впечатоците од набљудуваните уметнички дела;
- да се поттикнува, вербално да ја објасни ликовната творба;
- да умее да ја користи компјутерската техника за ликовното творештво;
- да ги применува стекнатите знаења и вештини за ликовно изразување, како и да ги негува хигиено-техничките и работните навики.

## 3. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| 1. ЦРТАЊЕ (ориентационо 18 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>➢ да се оспособува да забележува во природата видик и видикова линија;<br>➢ да се поттикнува да воочува и да применува видови ритам;<br>➢ да се поттикнува да стекне елементарно знаење за точката како ликовен елемент;<br>➢ да се поттикнува да комбинира точки, линии и плоштини и да црта текстура;<br>➢ да се поттикнува да воочува и да споредува целина и детал;<br>➢ да се поттикнува да создава со детали композиција;<br>➢ да се поттикнува да воочува во природата статика и динамика (објекти кои се движат и кои не се движат);<br>➢ да се воведува во нова техника (тушеви во боја);<br>➢ да се оспособи да црта и лавира со тушеви во боја;<br>➢ да се поттикнува да забележува и да применува разновидни линии и црта контраст на линии со различен интензитет;<br>➢ да се поттикнува да воочува, препознава и да именува линии, ритам, статика-динамика на цртежи. | Средства за цртање и нивна употреба<br><br>Ликовни елементи во цртањето<br><br>Цртање<br><br>Естетско проценување | Композиција<br><br>Видик<br><br>Видикова линија<br><br>Точка<br><br>Тушеви во боја<br><br>Текстура | ➜ Осознавање и забележување на непосредната околина, преку набљудување на просторот (блиски и далечни објекти).<br>➜ Претставување блиски и далечни објекти преку едноставен цртеж.<br>➜ Воочување разлики меѓу дводимензионален и тридимензионален простор.<br>➜ Забележување ритам на форми и линии во природата.<br>➜ Забележување композиција во непосредната околина.<br>➜ Цртање линии и форми и компонирање композиција (геометриски тела, овошје).<br>➜ Воочување на движењето на објектите во природата во однос на оние кои не се движат.<br>➜ Цртање на автомобил, зграда, дрво, животно и друго, примена на контраст на статика-динамика.<br>➜ Цртање линии со различен интензитет (дрво во зима, опожарена шума-туш и четка).<br>➜ Посета на ликовна галерија и откривање на движење преку набљудување на ликовни дела. |

| **2. СЛИКАЊЕ (ориентационо 30 часа)** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>➢ да се оспособува соодветно да ги користи подлогите, приборот и сликарските материјали;<br><br>➢ да се поттикнува да забележува различни тонови на боја во природата;<br><br>➢ да се поттикнува да воочува локални бои на предмети и појави во непосредната околина;<br><br>➢ да се поттикнува да воочува и да користи комплементарен контраст на бои: црвена-зелена, жолта-виолетова, портокалова-сина;<br><br>➢ да се поттикнува да комбинира мали и големи форми и да ги збогатува со сликарска текстура;<br><br>➢ да се поттикнува да покажува поголема осетливост за детали; | Основни средства за сликање и нивна употреба<br><br>Ликовни елементи во сликањето<br><br>Сликање<br><br>Естетско проценување | Топли и ладни бои<br><br>Темни и светли бои | • Набљудување на непосредната околина (забележува и разликува внатрешен од надворешен простор).<br><br>• Сликање внатрешен и надворешен простор по сопствен избор.<br><br>• Набројување предмети од природата, препознавање и именување на нивната боја (цветови, плодови, листови, зеленчук, овошје со разни бои и др.).<br><br>• Сликање мртва природа.<br><br>• Воочување комплементарен контраст - колаж со сликање по фантазија.<br><br>• Практични активности за збогатување на сознанието за мали и големи форми преку цртање на предмети од народниот фолклор (носии, колани, престилки, накит).<br><br>• Сликање по конкретно доживеан настан. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ➢ да се поттикнува да преобразува ахроматска композиција во хроматска;<br><br>➢ да умее да нанесува погуст или поредок слој на боја на сликарската подлога;<br><br>➢ да се поттикнува да применува комбинирани ликовни техники;<br><br>➢ да се оспособува да разликува и да именува разни мотиви: мртва природа, пејзаж, портрет, композиција;<br><br>➢ да се поттикнува да ги искажува емоциите од набљудувани дела. | | | ✦ Сликање со акварел тонови во боја (позадина), а откако ќе се исуши, црта детали со фломастер или со погуст слој боја (водена или темперна).<br><br>✦ Сликање со восочен пастел по сопствен избор, а потоа позадината ја слика со акварел.<br><br>✦ Ликовна работилница: Цртање и сликање со различни сликарски и цртачки техники и материјали.<br><br>✦ Вежби: Набљудување и препознавање на сликарски техники и мотиви во различни дела.<br><br>✦ Набљудување уметнички дела од македонски автори-искажува впечатоци и емоции од набљудувањето. |

| 3. ОБЛИКУВАЊЕ ВО ПРОСТОРОТ, МОДЕЛИРАЊЕ (ориентационо 10 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>➢ да се поттокнува да ја развива мануелната способност и различните постапки за работа;<br>➢ да се поттикнува да воочува и да опишува волумен (аглест-валчест, испапчен-вдлабнат);<br>➢ да се оспособува да компонира две или повеќе фигури во една целина;<br>➢ да се оспособува да воочува разлики (вид) на релјеф (висок-низок) и да моделира низок релјеф;<br>➢ да се оспособува да изработи макета на училишна зграда со училиштен двор;<br>➢ да се запознае со основните карактеристики на стиропорот и со постапката на работа;<br>➢ да се поттикнува да го применува стиропорот во моделирањето;<br>➢ да се оспособува да препознава тридимензионални форми;<br>➢ да се поттикнува да препознава полна пластика, статуа, релјеф, биста. | Средства за моделирање<br><br>Ликовни елементи во моделирањето<br><br>Моделирање<br><br>Средства за градење<br><br>Ликовни елементи во градење<br><br>Градење<br><br>Естетско проценување | Волумен (аглест-валчест испапчен-вдлабнат)<br><br>Контраст<br><br>Пропорција<br><br>Скулптура<br><br>Биста<br><br>Тридимензио-налност<br><br>Релјеф (висок-низок) | ➢ Воочување и именување геометриски тела во училницата и непосредната околина (преку игра).<br>➢ Моделирање и претставување различни форми (аглести, валчести, испапчени, вдлабнати).<br>➢ Комбинирање-создавање композиција од природни материјали (плодови, камења, гранки, корења).<br>➢ Опсервирање, откривање и воочување висок и низок релјеф (визуелно и со допир).<br>➢ Моделирање низок релјеф во глина со втиснување, гребење и длабење.<br>➢ Создавање елементи од стиропор и нивно комбинирање (перфорирање, составување, сечење, лепење...).<br>➢ Комбинирање и составување материјали кои ја промениле првобитната функција (амбалажа, отпадни материјали).<br>➢ Моделирање и градење по набљудување, помнење и фантазија.<br>➢ Посета на музеј, парк, плоштад или друг отворен простор и запознавање и препознавање статуа, споменик, биста. |

| **4. ДИЗАЈН И ВИЗУЕЛНИ КОМУНИКАЦИИ (ориентационо 8 часа)** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>➢ да се поттикнува да воочува видови композиција;<br>➢ да се поттикнува да развива умешност за изработка на плакат;<br>➢ да се оспособува да употребува геометриски и природни форми во изработка на фриз, орнамент...;<br>➢ да се поттикнува да користи елементи од народниот фолклор во дизајнирањето на предметите;<br>➢ да се оспособува да направи оригами според демонстрирано упатство;<br>➢ да се оспособува да го користи компјутерот за изработка на дизајн. | Дизајн<br><br>Ликовни елементи во дизајнот<br><br>Визуелни комуникации<br><br>Естетско вреднување | Постер<br><br>Плакат<br><br>Оригами<br><br>Орнамент | - Игра: Препознавање цртеж, текст, знак и други елементи на фотографии, постери, корици од списанија, книги.<br>- Декорирање разни глинени предмети при што се користат елементите од народниот фолклор.<br>- Работилница: Изработување нацрт за украсни предмети (вазни, ламли, лустери, накит...).<br>- Работилница: Изработување честитки, украси, накит...<br>- Работилница: Изработување оригами (може и од тонирана хартија).<br>- Стимулирање и мотивирање за работа преку интерна изложба и оценка на направените предмети.<br>- Продажба на ракотворбите на организи-рана манифестација. |

**5. ГРАФИКА (ориентационо 6 часа)**

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| **Ученикот/ученичката:**<br>➢ да се поттикнува да го воочува специфичниот ликовен израз на графиката како ликовно подрачје;<br>➢ да се поттикнува да се запознава со нова техника гипсорез, да ги запознава нејзините карактеристики, алати и постапки на работа;<br>➢ да се оспособува да отпечати гипсорез;<br>➢ да се поттикнува да применува разновидни плошни форми, текстури (од текстил) во картон-печатот;<br>➢ да изработува и да печати едноставен графички знак или декоративен елемент;<br>➢ да се оспособува да стекне основни сознанија за компјутерската графика (визуелните и ликовните карактеристики). | Основни материјали за печатење<br><br>Ликовни елементи во печатењето<br><br>Печатење<br><br>Естетско проценување | Линија<br><br>Контраст<br><br>Текстура<br><br>Форма<br><br>Композиција<br><br>Отпечаток<br><br>Длабење<br><br>Ваљак | - Разгледување разни видови графики (уметнички репродукции или графики од повисоките одделенија) и да именува графички техники (монотипија, картон печат).<br>- Активност: Наставникот ги запознава учениците со техниката гипсорез, демонстрира длабење со глетата, како и постапката на печатење.<br>- Работилница: Правење едноставна скица за графика.<br>- Поставување елементи со разни видови текстури на матрицата за картон печат (чипка, ребраст картон, јута, волница и др.).<br>- Активности: Нанесување боја со ваљак и печатење.<br>- Изработување едноставен знак и реализирање во графичка техника.<br>- Користење компјутер (со асистенција на наставникот) за изработка на графика.<br>- Посета на печатница. |

## 4. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Наставните содржини од предметот ликовно образование даваат можност за интегрирано целно и содржинско поврзување со наставните предмети кои се изучуваат во петто одделение. Исто така, се дава можност за внатрешно интегрирано планирање на сите теми во согласност на потребите на учениците и планираните активности.

### Препораки за користење на годишниот фонд на часови

Препораките за распределбата на годишниот фонд на часовите се дадени како ориентација заедно со конкретните цели и теми/содржини што, секако, не треба да го ограничува наставникот за нивното прераспределување, според потребите при реализацијата. Потребите за поинаквото користење на часовите треба да ги проценува предметниот наставник според постигањата на неговите ученици, т.е. според совладаните вештини. Посебноста во постигањата во секоја паралелка (квалитетот и темпото на напредување на учениците во наставата и друго) треба да доведе до најцелисходно располагање со часовите.

**Наставни средства:**

-разни извори на учење од непосредната околина (предмети во природата и околината);
-дидактички средства и материјали;
-визуелни средства (предмети од непосредната околина, репродукции, детски творби, апликации и сл.);
-слајдови, сликовници, списанија и сл.;
-аудио-визуелни средства (ТВ, ДВД, видеоплеер, дигитален фотоапарат, дигитална камера);
-компјутер и други средства;
- посета на ликовна галерија, музеј, печатница...

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

**Следење на постигањата на учениците**

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата (промените) на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за ликовно творење, соработката со другите и сл. (формативно оценување).
Оваа компонента е составен дел на планирањето на наставникот за наставата и учењето.

**Описно оценување:**

- опсервација на ученикот;
- разговор како начин на изразување;
- вербално опишување на сопствениот цртеж;
- степен на совладување на ликовните техники;
- индивидуални креативни способности;
- учество и изведба на ликовна творба;
- воочување и препознавање на разни предмети од непосредната околина и применување во ликовното творештво;
- презентација на ликовни ученички творби;
- творење во ликовните техники;
- препознавање на ликовни техники и материјали;
- активно учество во тимската работа и др.

Во текот на годината наставникот користи комбинација на описно и бројчано оценување, а на крајот на учебната година внесува соодветни нумерички оценки.

ДОНИЈА
АНИЕ И Н

## 6. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализацијата се темели на Нормативот за простор за простор, опрема и наставни средства за деветгодишното основно училиште, донесен од страна на министерот за образование и наука.

## 7. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставната програма по ликовно образование за петто одделение може да ја изведува лице кое завршило:
- Филозофски факултет - Институт за дефектологија, дипломиран дефектолог;
- дефектолошки факултет согласно Законот за основно образование.

**Изготвил:** работна група,
координатор Марија Симонова, советник во Бирото за развој на образованието - Скопје
**Одобрил:** м-р Митко Чешларов, раководител на Сектор во Бирото за развој на образованието - Скопје

## 8. ПОТПИС И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по ликовно образование за петто одделение на деветгодишното основно образование за учениците со мултихендикеп, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди,

на ден 10.06-2012

Скопје

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 11-2482/4
15.05 2012 год.
СКОПЈЕ

Министер,

м-р Панче Кралев